Душанка Панкова
Скопје

# ЈОВАНЧЕ И МАРИЈА

Во една куќарка крај големата шума живееја шумарот, неговите две деца, Јованче и Марија и нивната маќеа. Тие беа многу сиромашни. Кутриот шумар мораше тешко да работи за да го прехрани семејството. Една ноќ Јованче и Марија беа толку гладни, што не можеа да заспијат. Јованче смислуваше загатки и ја развеселуваше Марија.

- Ако две јаболки имаат маса колку и три круши, а четири круши чинат колку и три јаболки, што е поскапо: крушите или јаболките?

Тогаш го слушнаа разговорот во кујната:

- Не можеме повеќе вака. Да не мора да се грижиме за децата би било полесно, но вака...

Таткото се обидуваше да најде некое решение, но ништо не можеше да смисли, па со маќеата заедно решија утредента да ги поведат децата во шумата и да ги остават таму.

Кога го слушнаа тоа, Марија почна да плаче, а Јованче доби идеја. Излезе надвор и си ги наполни џебовите со бели камчиња.



Утредента таткото им даде по едно парче леб и ги поведоа во шумата. Додека навлегуваа во длабоката шума, Јованче пушташе од џебовите по едно камче, за да можат да го најдат патот за дома. По долго одење, стасаа на една ширинка каде течеше рекичка. Тука запреа, а таткото и маќеата им рекоа дека ќе продолжат по патот, додека тие одмараат и дека ќе се вратат предвечер. Јованче повторно смислуваше загатки за да ја развесели Марија:

- Во кантата има 20 л млеко, а во полн бокал има 10 пати помалку. Колку пати треба да се наполни бокалот за да се претури 30 л млеко?



Почна да се стемнува, а родителите ги немаше. Марија почна да плаче, а Јованче и рече смирено:

- Не грижи се, Марија, штом ќе излезе Месечината, ќе можеме да ги видиме камчињата што ги фрлав по патот и лесно ќе се вратиме. Половина од камчињата беа тркалезни, а половина од остатокот беа аглести. Ми останаа 45. Колку камчиња имав во почетокот?

Така и направија. За кусо време го пронајдоа патот до дома. Таткото многу се израдува кога ги виде, но маќеата уште истата вечер почна да се жали на сиромаштијата, наговарајќи го таткото пак да ги напуштат децата.

Јованче повторно го слушна разговорот и сакаше и овојпат да собере камчиња, но вратата беше заклучена, па мораше да смисли нов план.

Утредента таткото им даде по едно парче леб и повторно ги поведоа во шумата. По патот Јованче фрлаше малечки парченца од лебот, но не забележа дека птиците и мравките веднаш ги јадеа. Така, кога се стемни, Јованче и Марија не можеа да го пронајдат патот до дома.

Јованче и Марија пешачеа четири пати по 3/4 од час, а одмараа три пати по 1/6 од час. Колку време Јованче и Марија талкале низ шумата?

Одејќи така низ шумата стасаа до една пољанка на која имаше една куќичка од која се шпреше прекрасен мирис. Јованче и Марија не можеа да им веруваат на очите: целата куќичка беше направена од слатки. Ѕидовите беа од марципан, покривот од чоколадо, а наместо оџак имаше ролат. На прозорците наместо стакло имаше мрежи од стопен шеќер.



Вратата беше направена од 80 бисквити. Половината од нив беа чоколадни, една десетина беа медени, а останатите беа млечни. Колку бисквити биле млечни?

Јованче и Марика веднаш почнаа да јадат од слатката куќичка, но во тој миг вратата од бисквити се отвори и излезе една старица и им рече:

- Добровечер дечиња! Не стојте тука, студено е! Влезете внатре, да не настинете. Дојдете, ќе ви дадам по една шолја топло какао.

Љубопитната Марија ја праша старицата:

- Бабо, колку години имаш?

- Ако поживеам уште половина од она време што го живеев, и уште една година, тогаш ќе имам точно 100 години.

Колку години има бабата?

Јованче и Марија влегоа внатре, а штом се затвори вратата зад нив, старицата се претвори во подмолна вештерка. Го затвори Јованче во еден кафез. Во другиот кафез имаше кокошки и зајаци. Сите животни во кафезот имаат вкупно 35 глави и 94 нозе. Колку има кокошки , а колку зајаци?

Вештерката и нареди на Марија:

- Ти ќе ми помогнеш да го здебелам брат ти готвејќи му вкусни јадења. А кога ќе биде дебеличок, слатко ќе се нагостам со него. Јас не гледам добро, но имам непогрешлив мирис и затоа не ни помислувај да ме измамиш.

Марија мораше да послуша. Секој ден Јованче јадеше вкусни јадења и згора на се по едно јајце од кокошка. Јајцето на кокошката има маса од 60 г. Една десетина од неговата маса ја сочинува лушпата, половина е белката, а остатокот е масата на жолчката. Колкава е масата на жолчката?

Така минуваа денови. Јованче пак смисли како да ја измами старицата. Таа секогаш бараше да го фати неговиот прст за да види

дали е здебелен, а тој и даваше коска од кокошка. Старицата, речиси слепа, не забележуваше ништо.

Еден ден вештерката го загуби трпението и ѝ рече на Марија:

- Запали го огнот, ми се здосади веќе од чекање! Сакам веднаш да го изедам! И гледај огнот добро да гори, а ако треба додај уште дрва!



Марија се преправаше дека не знае да го запали огнот, па така вештерката се наведна крај печката за да и покаже. Тогаш Марија со сета сила ја турна вештерката во печката и ја затвори внатре. Побрза да го ослободи Јованче а од печката почна да се слуша некакво пукање и ѕвечкање. Кога ѕирнаа во печката, имаа што да видат: вештерката ја немаше, а печката беше полна со златници.



Ги седоа златниците и истрчаа во шумата. Долго време одеа, се додека не почнаа да ги препознаваат околните места. Набргу ја здогледаа нивната куќичка. Трчаа без здив и кога влегоа дома го видоа татка си. Тој им раскажа дека бил многу тажен поради тоа што ги оставил во шумата и дека ја избркал лошата маќеа. Јованче и Марија му раскажаа што им се се случило и му ги покажаа златниците. Така тие живееја заедно среќно и долго.